# ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА

**- во периодот од 15.04.2016 до 04.05.2016 -**

Скопје, 13.05.2016 година

**Аудиовизуелен медиумски сервис: Радио Слободна Македонија**

**Датум:** 15.04.2016

**РЕПРИЗА**

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 02:07:44 | 02:59:18 | Со Никовски за дипломатијата |

**Содржина:** Водителот Ристо Никовски ја коментира одлуката на претседателот Иванов за аболиција и неговото обраќање до народот кое го направи по тој повод, реакцијата на домашните политички и други субјекти во врска со неа и реакцијата на странскиот фактор.

---

**Датум:** 15.04.2016

**РЕПРИЗА**

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 05:04:55 | 05:31:08 | Радио колумна (со Братислав Димитров-Бато) – реприза |

**Содржина:** Водителот Братислав Димитров во емисијата од свој агол ги разгледува актуелните случувања. Во ова издание, меѓу другото ги критикува меѓународната заедница, политичари и аналитичари блиски до опозициските партии.

---

**Датум:** 16.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 14:10:23 | 14:58:52 | Радио драмски (со Роберт Вељановски) |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

17.04.2016 - 03:07:00 - 04:35:44

18.04.2016 - 03:07:08 - 03:52:09

**Содржина:** Водителот, преку соопштение, во име на Драмски театар изразува изненаденост и навреденост за одложувањето на претставата „Солун, град на духови“, којашто по повод 70 години Драмски театар требало да ја изведе најмладиот театар од Скопје.

---

**Датум:** 16.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 15:21:21 | 15:32:28 | Радио колумна (со Братислав Димитров-Бато) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 22.04.2016 - 05:09:06 - 05:20:14

**Содржина:** Водителот Братислав Димитров ги анализира актуелните настани (протестите) при што изразува негативни ставови кон опозицијата.

---

**Датум:** 16.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:07:15 | 17:58:47 | Радио локумна (со Јанко Илковски) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 17.04.2016 - 05:07:27 - 06:53:49

**Содржина:** Емисијата е посветена на актуелната политичка ситуација во државата. Водителот пренесува свои и ставови на повеќе лица (делови од говори и од објавени колумни) кои позитивно ги оценуваат аболицијата од претседателот Иванов и протестите организирани од ГДОМ, а негативно протестантите на ‘‘Протестирам‘‘ и Зоран Заев.

---

**Датум:** 17.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 17:09:14 | 17:50:57 | Патот на животот |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 18.04.2016 - 05:06:15 - 05:48:48

**Содржина:** Тема на емисијата се христијанските вредности и вредностите од овој свет. Гостуваат Томче Ширков и Тијан Зaџиевски. Зборуваат за љубовта, гордоста и за оние вредности кои можат да се користат и да бидат општо прифатени и корисни. Повикуваат на единство и смирение за да може да се реши проблемот во државата.

---

**Датум:** 17.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 20:09:40 | 20:59:38 | За македонските работи (со Јордан Пачков) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 18.04.2016 - 02:15:04 - 02:58:05

**Содржина:** Емисијата е посветена на Иванов и неговата одлука за аболиција. Водителот го оправдува неговиот потег за аболиција, а ги осудува демолирањето на канцеларијата на претседателот и оштетувањето на други објекти.

---

**Датум:** 19.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 11:08:09 | 11:50:03 | Индекс (со Маја Дамјановска) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 20.04.2016 - 04:08:35 - 04:47:13

**Содржина:** Во фокусот на емисијата се земјоделците и мерката за земјоделски советници која ја објави претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски. Емитувани се: дел од изјавата на Никола Груевски, изјава на земјоделец и интервју со професорот од катедрата за наводнување и ерозија Орданчо Чукалиев. Зборуваат и за новата мерка, системот „капка по капка“. Во емисијата позитивно се оценуваат промовираните мерки.

---

**Датум:** 19.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 17:01:20 | 17:52:30 | Поента (со Тања Каракамишева) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 20.04.2016 - 02:07:46 - 03:01:40

**Содржина:** Водителката најпрво ги осудува нападите на РА Слободна Македонија. Потоа зборува за протестите, велејќи дека протестантите на ГДОМ протестираат на мирен начин кој одговара на демократските стандарди, за разлика од „Протестирам“. Ги критикува СДСМ и Зоран Заев. Вели дека „Државата стана жртва на Зоран Заев и на соросовите протестирачки активисти...“.

---

**Датум:** 21.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 17:00:24 | 17:56:42 | Со Никовски за дипломатијата (со Ристо Никовски) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 22.04.2016 - 02:09:38 - 03:00:50

**Содржина:** Водителот ги изнесува своите ставови во врска со најавената лидерска средба во Виена и што може да се очекува од таа средба. Наведува дека Брисел на таа средба, а под притисок на Вашингтон, ќе излезе со нови барања за формирање на широка коалиција и за одложување на изборите. Во текот на емисијата повторува дека целта на Вашингтон е МК да капитулира, да се уништи на етапен начин - прво да се оди со име за надворешна употреба, а потоа да се стави на дневен ред и идентитетот на македонскиот народ. Во емисијата ги коментира и информациите дека Македонија се врти кон Русија, наведувајќи дека се тоа измислици.

---

**Датум:** 23.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 15:19:54 | 15:31:16 | Радио колумна (со Братислав Димитров-Бато) |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

24.04.2016 - 12:24:04 - 12:35:19
29.04.2016 - 05:10:52 - 05:22:22

**Содржина:** Тема се протестите организирани од Протестирам, упатува лични критики кон одредени учесници во протестите.

---

**Датум:** 23.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 16:06:53 | 17:59:043 | Радио локумна (со Јанко Илковски) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 24.04.2016 - 05:11:38 - 06:50:40

**Содржина:** Емисијата започнува со македонската химна отпеана на собир на ГДОМ, а веднаш по неа е пренесена аудио снимка од собирот. Водителот зборува против протестите на „Протестирам". Во емисијата се емитуваат извадоци од говори на протестот на ГДОМ.

---

**Датум:** 24.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 20:12:30 | 20:57:04 | За македонските работи (со Јордан Пачков) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 25.04.2016 - 02:09:00 - 02:55:07

**Содржина:** Водителот зборува за актуелните политички настани кои ја одбележаа минатата недела. Го поставува прашањето „Колку чини или каква е цената што треба да ја плати Македонија за долго очекуваниот епилог на политичката криза? Што се уште треба да доживее и преживее граѓанинот и низ какви трауми треба да помине за да се насети крајот на оваа тешка состојба што ја спроведуваат чинители со домашните истомисленици и платени поддржувачи и извршители". Понатаму зборува против протестантите на „Протестирам". Во вториот дел од емисијата зборува за тоа колку Зоран Заев е загрижен и заинтересиран за иднината на Македонија и вели дека тој е виновен за целото случување во државата.

---

**Датум:** 26.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 17:00:40 | 17:51:37 | Поента (со Тања Каракамишева) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 27.04.2016 - 02:07:37 - 02:59:52

**Содржина:** Водителката прво зборува за одлуката на Иванов за аболиција од правен аспект (согласно Кривичниот законик) и застанува во одбрана на одлуката. Оваа емисија ја посветува на некои професори и адвокати, како и некои како што вели „соросоидни пратеничиња новинарчиња но и платени писарчиња". Втората тема за која што зборува е одложувањето на изборите на 24ти, додавајќи дека тоа одложување не донело ништо позитивно. На крај зборува против т.н. „шарена револуција", велејќи дека не ја почитува и дека таа е директно увезена и туѓа.

---

**Датум:** 27.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 17:02:08 | 17:46:00 | Радио шоу (со Миленко Неделковски) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 28.04.2016 - 02:10:31 - 02:47:38

**Содржина:** Водителот зборува за протестите на „Протестирам" и вели: „Имаме еден куп луѓе кои протестираат шарено односно се шарени, иако во Скопје и во другите градови велат дека кога ќе се каже за некоја женска дека е шарена јасно иницира за каква карактерна особина се работи". Набројува имиња на познати личности кои протестираат и вели дека тие добиваат плата од буџетот на Р.М. Го поставува

прашањето зошто ако сите тие се толку доследни, не можат да кажат дека нема да земаат пари од државата. Во вториот дел од емисијата зборува за нападите и бојадисувањето на објектите и смета дека ваквите напади доаѓаат од една причина, а тоа е дека тоа е огледало да се види колку била неспособна владата и раководството кога тие владееле. Зборува и за тоа дали на 5-ти јуни ќе има избори.

---

**Датум:** 28.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 17:01:10 | 17:55:34 | Со Никовски за дипломатијата (со Ристо Никовски) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 29.04.2016 - 02:10:17 - 03:00:55

**Содржина:** Водителот ги изнесува своите размислувања за кризата, одлуката на Иванов за аболиција и за потребата од избори. Вели дека Иванов мора да опстои на својата одлука и јасно да им порача на сите странци дека прво ќе има избори, а потоа ќе се решава криминалот. За СЈО вели дека треба да опстои, но го критикува дека води политика која има за цел да доведе до промена на власта. Зборува за притисокот врз Македонија од надвор и смета дека во периодот кој претстои ќе има повторно странски иницијативи за Иванов да ја повлече аболицијата. Вели дека опозицијата игра улога на слуга на странски интереси и дека затоа народот е уверен дека не треба да се гласа за неа.

---

**Датум:** 30.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 15:23:24 | 15:33:56 | Радио колумна (со Братислав Димитров Бато) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 01.05.2016 - 12:22:37 - 12:32:50

**Содржина:** Водителот со носталгија зборува за начинот на кој се славеле славите во минатото и денес. Меѓу другото, рече дека во социјализмот народот беше на власт, дека комунистите оделе напред, а народот по нив. А денес, рече, „комунистите и нивните наследници се во првите борбени редови, но овојпат ни објаснуваат што е демократија и слобода, а во нивно време убиваа и затвораа заради нив". Зборуваше за тоа како денес луѓето се подготвени да дадат „пет години живот за пет минути слава".

---

**Датум:** 30.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 16:08:05 | 17:54:05 | Радио локумна (со Јанко Илковски) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 01.05.2016 - 05:07:44 - 06:56:43

**Содржина:** Водителот на почетокот од емисијата зборува за православието, христовото воскреснување, вечниот живот, правото на избор, слободната волја која Господ им ја дал на луѓето, за тоа дека лошите дела се враќаат, за омразата, велејќи дека не смееме да сееме омраза. Зборува и за стравот и вели дека човек кој искрено верува не смее да се плаши. Вели дека можеби ќе се согласи „*да падне оваа власт и да се смени оваа партија. За кој да дојде? За тие антихристијански, антимакедонски, антисемејни, анти, анти, анти*". Во целост ги чита текстовите на Мирка Велиновска за Дневник *„Нема правда-нема мир" За да има пари!* и *„Чадорот на Верушевски се отворал од Виена".* На крај чита и објава на фејсбук на Бобан Нонковиќ.

---

**Датум:** 01.05.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 20:12:10 | 20:53:48 | За македонските работи (со Јордан Пачков) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 02.05.2016 - 02:08:25 - 02:46:37

**Содржина:** Зборува за тоа дека Македонија е во центарот на вниманието на Балканот и дека има стабилна, силна и ориентирана влада. Има позитивен став кон ВМРО ДПМНЕ и негативен за т.н. „Шарена револуција“ и опозицијата.

---

**Датум:** 02.05.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 11:09:59 | 11:47:57 | Кворум (со Бојана Димитријевска) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 03.05.2016 - 04:10:35 - 04:38:30

**Тема:** Изборите на 5 јуни

**Содржина:** Водителката зборуваше за изјаснувањето на ДИК дека избирачкиот список е проверен и дека ДИК е подготвена за избори. Зборуваше за процесот на прочистување и усвојувањето на извештајот за спроведените вкрстени проверки, за ставовите на Советот на Европа во врска со бојкотот на изборите, како и за роковникот на ДИК. Во емисијата се емитувани директни обраќања на привремениот премиер Емил Димитриев, и на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски.

---

**Датум:** 02.05.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 17:06:33 | 18:02:29 | Концепт (со Иванка Додовска) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 03.05.2016 - 02:11:16 - 02:57:56

**Содржина:** Водителката ги изнесува своите ставови во однос на актуелната политичка ситуација. Во првиот дел од емисијата зборува позитивно за Владата и Никола Груевски, велејќи дека е тоа динамичен тим на луѓе кој за овие десет години направи многу за РМ. Потоа зборува за „двојни аршини “на меѓународната заедница, навраќајќи се на случувањата во 2001. Вели дека зад политичката криза стои опозицијата на чело со СДСМ. Потоа зборува за СЈО, додавајќи дека е „противуставна институција која треба да создава и генерира незадоволство и револт кај македонските граѓани, а не е насочена кон некакво откривање на вистината и гонење на злосторници...“. Зборуваше и за тоа како почна кризата, за барањето на Заев за предвремени парламетарни избори, за преговорите, за одложувањето на изборите, за протестите, за одлуката за аболиција на Иванов, за аболицијата на Заев од страна на Црвенковски.

---

**Датум:** 03.05.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 17:00:59 | 17:59:47 | Поента (со Тања Каракамишева) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 04.05.2016 - 02:08:48 - 03:00:21

**Содржина:** Зборува за прекинот на протестите на т.н. „Шарена револуција“ за време на празниците и вели дека тоа значи оти не се автохтони и дека немаат „никаква идеја околу тоа за што се обединуваат, туку се едноставно како на копче на кое што се вклучуваат и исклучуваат благодарение на одредени сценаристи кои им ги кажуваат фазите на реализација на сценариото“. Потоа зборува за лојалноста кон сопствената држава, велејќи дека немањето лојалност значи отсуство на патриотизам и љубов кон сопствената татковина и дека треба да се почитува народот на Македонија, културата, знамето, химната, државните институции, природните богатства и убавини.

---

**Датум:** 04.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 17:00:26 | 17:55:58 | Радио шоу (со Миленко Неделковски) |

**Содржина:** Водителот на емисијата зборуваше за тоа зошто и на кој начин Зоран Божиновски е испорачан во Македонија, за реакциите од СДСМ во врска со парите коишто ги зел Канго од Министерството за култура за песната, а Бени Шаќири од Сорос, како и за „Шарената револуција“.

---

## Аудиовизуелен медиумски сервис: ТВ 24 Вести

**Датум:** 15.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:08:28 | 08:35:41 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо. Темата е: Нешто не штима – Македонија на нозе, демолирање, апсење, тепање, окупација, соопштение...

---

**Датум:** 15.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 10:27:33 | 10:49:14 | Ретро 7 |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 17.04.2016 – 11:29:32 -11:51:01

**Содржина:** Ретроспектива на изминатата недела и најзначајните настани кои се случија.

---

**Датум:** 15.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 16:21:55 | 16:48:44 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 18.04.2016 - 08:11:36 – 08:38:20

**Содржина:** Контакт со гледачите на следниве теми: Претседателот Вељановски ги распиша изборите, а Иванов останува на својата одлука.

---

**Датум:** 16.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 20:56:22 | 21:42:58 | 4X10+10 |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 17.04.2016 - 01:00:16 – 01:50:30.

**Содржина:** Исечоци од најинтересните настани од дебатните, информативните и интервјуата во текот на неделата.

---

**Датум:** 18.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 01:50:08 | 02:15:03 | Трета Порта |

**Содржина:** Аболицијата од страна на Претседателот Иванов. Се читаат популарни фб статуси, исечоци од новински агенции и тн.

---

**Датум:** 18.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:16:36 | 16:50:21 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 19.04.2016 - 08:12:25 – 08:46:10.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо, Темата е: Граѓаните против Иванов и аболираните. Протести или преговори за излез?

---

**Датум:** 19.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:17:35 | 16:49:01 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 20.04.2016 - 08:09:46 – 08:41:12.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо, Темата е: Вандализмот врз објектите на проектот Скопје 2014 како и на една постара градба, Министерството за култура, прашањето е дали е ова вандализам или протест.

---

**Датум:** 20.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:18:55 | 16:51:05 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 21.04.2016 - 08:12:15 – 08:44:25.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо, Темата е: Предизборно судиите со 35% покачени плати, а судската администрација чека на зголемување.

**Датум:** 20.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 19:15:07 | 19:44:50 | Трета Порта |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

21.04.2016 - 10:30:48 – 11:00:31.

25.04.2016 - 01:47:53 – 02:17:34

**Содржина:** Емисија посветена на протестите и контра протестите кои се одвиваат низ цела Македонија.

---

**Датум:** 21.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:15:44 | 16:52:22 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 22.04.2016 - 08:09:57 – 08:46:35.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо, Темата е: Последните две акции на СЈО.

---

**Датум:** 22.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:18:46 | 16:48:38 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 25.04.2016 - 08:10:25 – 08:40:20.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо. Темата е: Настапот на ГДОМ на големиот протест во Скопје и најавата на Пандов дека ќе бараат забрана за работа на сите граѓански здруженија, фондации и политички партии кои работат спроти државните интереси.

---

**Датум:** 23.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 21:00:07 | 21:52:09 | 4Х10+10 |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 24.04.2016 - 01:00:14 – 01:52:20.

**Содржина:** Исечоци од најинтересните настани од дебатните, информативните и интервјуата во текот на неделата.

---

**Датум:** 25.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:19:13 | 16:52:53 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 26.04.2016 - 08:10:17 – 08:44:00.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо. Темата е: Чавков – следиме се за хулиганите! МВР со нова рунда приведувања на демонстранти.

---

**Датум:** 26.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:17:36 | 16:49:21 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 28.04.2016 - 08:10:30 – 08:42:00.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо, Темата е: Протест на затворениците во казнено поправните установи.

---

**Датум:** 27.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 19:15:17 | 19:42:25 | Трета Порта |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

28.04.2016 - 10:27:46 – 10:54:50.

02.05.2016 - 01:51:10 – 02:18:20.

**Содржина:** Се читаат популарни фб статуси, исечоци од новински агенции итн.

---

**Датум:** 28.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 16:15:50 | 16:51:30 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

29.04.2016 - 08:05:02 – 08:40:42.

30.04.2016 - 04:43:22 – 05:19:00.

03.05.2016 - 08:11:00 – 08:46:20.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо, Темата е: Емил Димитриев – изборите треба да се одржат, МОСТ и ИФЕС – нема услови за избори на 5-ти јуни.

**Датум:** 29.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 10:18:20 | 10:40:02 | 7 дена ретро |

**Содржина:** Ретроспектива на најинтересните настани од минатата недела.

---

**Датум:** 03.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 16:16:40 | 16:50:50 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 04.05.2016 - 08:07:50 – 08:41:50.

**Содржина:** Отворена програма, јавување на гледачите во живо. Темата е: Извештај од Меѓународната кризна група. Македонија е постојано на раб на некоков конфликт и состојбата се влошува.

---

**Датум:** 04.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 16:17:30 | 16:50:37 | Очи во Очи (со Огнен Јанески) |

**Содржина:** Бетонот за избори не фати во април, а изгледа нема ни во јуни-важна е меѓународната заедница.

---

**Датум:** 04.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 19:14:22 19 | 19:45:20 | Трета Порта |

**Содржина:** Се читаат популарни фб статуси, исечоци од новински агенции итн.

---

**Аудиовизуелен медиумски сервис: ТВ Канал 5**

**Датум:** 15.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:07:00 | 09:47:10 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Заслужува ли македонската полиција да се напаѓа, навредува и понижува?

---

**Датум:** 18.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:09:00 | 10:00:00 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Треба ли незадоволството да го истураме на државен и приватен имот?

---

**Датум:** 19.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 07:04:15 | 10:00:00 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Како гледачите очекуваат да завршат преговорите за решавање на кризата во Виена.

---

**Датум:** 20.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:09:43 | 08:58:58 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Дали евентуалното ново одложување на изборите ќе ја продлабочи кризата?

---

**Датум:** 21.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:09:00 | 10:01:16 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Дали ќе се одржи лидерската средба во Виена без лидерот на опозицијата Зоран Заев?

---

**Датум:** 22.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:11:30 | 09:50:13 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Кој загуби од одложувањето на лидерската средба во Виена?

---

**Датум:** 25.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:08:00 | 10:01:50 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Кој сака да предизвика дестабилизација во Македонија и регионот?

---

**Датум:** 26.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:07:47 | 09:59:50 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Дали воопшто постои сценарио за виткање и кршење кичма на Македонија или било какво друго против нашата земја?

---

**Датум:** 27.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:09:42 | 10:01:24 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Треба ли сите аболицирани да побараат повлекување на одлуката на Иванов и прекин на постапките?

---

**Датум:** 03.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 06:45:17 | 10:10:07 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Од град во село со цел да се олесни животот на селаните. Каков ефект постигна т.н „Шарена револуција?

---

**Датум:** 04.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 07:07:49 | 10:07:02 | Утринска програма |

**Содржина:** Отворена програма за гледачи – Кој ги штити денес правата на работниците? Колку синдикатите се грижат за правата на работникот? Можат ли македонските политичари сами да најдат излез за кризата или повторно треба помош од надвор?

---

**Аудиовизуелен медиумски сервис: ТВ Телма**

**Датум:** 17.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 19:16:02 | 20:00:10 | КОД |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 19.04.2016 - 14:45:27 – 15:23:18.

**Содржина:** Сторија за одлуката на претседателот Иванов за аболиција и истражување на заканите по безбедноста на Иванов, Груевски и Ахмети.

---

**Датум:** 24.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 19:07:11 | 19:37:47 | КОД |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 26.04.2016 - 14:38:40 – 15:23:44.

**Содржина:** Животна приказна на семејството кое има дете без една рака и се жали на груба грешка на Клиниката за гинекологија и акушерство. Вториот дел од емисијата е посветен на искуствата со аболицијата и помилувањето во нашата земја, со анализа на случаите со претходните претседатели.

---

**Датум:** 01.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 19:37:51 | 20:17:27 | КОД |

**РЕПРИЗА**:

**Датум:** 03.05.2016 - 14:39:33 – 15:24:05

**Содржина:** Мноштво на теми, празнична компилација поврзана со осамостојувањето на РМ. Печатењето на првите пари, дизајнирањето на знамето, печатењето на првиот пасош, коментирање на првиот меѓународен настап на Македонската репрезентација и слично.

---

**Датум:** 02.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 19:19:08 | 20:36:37 | Топ тема |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

02.05.2016 - 23:29:07 – 23:59:59

03.05.2016 - 00:00:00 – 00:18:11

**Содржина:** Разговор со Илија Ѓорѓевиќ информатичар кој одлучил да се занимава со земјоделство и да живее на село и разговор со адвокат Јован Јовановски и неговото семејство.

---

**Аудиовизуелен медиумски сервис: Македонско радио 1**

**Датум:** 16.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 10:11:09 | 11:20:29 | Quo vadis |

**Содржина:** Саботни разговори во етерот со Свето Стаменов. Гостин е Трајан Гоцевски, универзитетски професор и експерт во областа на одбраната и безбедноста. Темата на разговор се протестите во главниот град, мигрантската криза и тероризмот.

---

**Датум:** 17.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 07:01:01 | 07:55:58 | Виножито – емисија за земјоделците |

**Содржина:** Потребите на земјоделците, ИПАРД фондовите, субвенциите како и тековните проекти на Министерството за земјоделие.

---

**Датум:** 20.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 17:23:09 | 17:56:42 | Актуелно |

**Содржина:** Разговор со Венко Глигоров, член на управниот одбор на Сојузот на стопански комори, во врска со последиците кои ги има политичката криза врз економијата во земјата.

---

**Аудиовизуелен медиумски сервис: Радио Канал 77**

**Датум:** 16.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 09:59:51 | 11:56:33 | Стадион |

**Содржина:** Контактна емисија на тема „последиците од постапката на Иванов“. Најпрво е емитувано излагањето на Претседателот Иванов во кое одговара на прашањата поставени од страна на новинарите на повеќето медиуми. Понатаму има интервју со новинарот Саше Димовски кој го следи судството и интервју со проф. Светомир Шкариќ - професор по уставно право.Тој зборува од правен аспект како може да се реши ситуацијата со помилувањето и одговара на прашања поставени од страна на слушателите.

---

**Датум:** 23.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 10:02:25 | 11:57:35 | Стадион |

**Содржина:** Теми за оваа емисија се „избори закана од санкции, атмосфера на протести и поделеност на МВР“. Првиот дел од емисијата е посветен на актуелните состојби во МВР. Даден е дел од прес конференцијата на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски. Потоа даден е делот од интервјуто на дополнителниот заменик министер за внатрешни работи Митко Чавков за Канал 5. Вториот дел од емисијата е посветен на слушателите и нивните мислења околу актуелните теми како што се протестите, најава на санкциите за водечки политичари, одземање на препораката за почеток на преговорите од страна на Европската Унија, најважните меѓународни организации ги кратат фондовите за Македонија, дали ќе преживеат пензионерите, наставниците, лекарите, административците без кредит. На крајот на емисијата даден е дел от интервјуто на проф. Иван Бабановски, професор по безбедност и поранешен разузнавач, кој бил гостин во некоја претходна емисија на „Стадион“.

---

**Датум:** 27.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 21:01:10 | 22:59:15 | Ноќен експрес (нова емисија – прво издание ) |

**Содржина:** Сатирично, хумористично и забавно шоу со целосно насочени погледи кон општествено-политичките настани, се следат најактуелните случувања прикажани низ призмата на сатирата и хуморот. Главен водител е Столе Наумов заедно со Мартин Богатиновски – помошник водител.
Гости: Јован Апостоловски Јофе, дел од Либертас и Козаностра; телефонско вклучување на астрологот Илија Бошков кој предвидува што ќе се случи во Македонија; поетот Митко Гогов кој е претставник на граѓанскиот сектор „Протестирам“ со кого зборуваат за актуелната ситуација, за протестите, за аболицијата; телефонски се вклучува Братислав Димитров, член на ГДОМ. Водителот го прашува околу неговата колумна во Дневник „Публика" на тема „како го замразив социјализмот, а не го засакав капитализмот".Оттука го прашува како го засакал ВМРО ДПМНЕ, а не го замразил СДСМ. Поставени му се прашања и од страна на гостите во емисијата, како на пример, кога слушнал дека „Протестирам" повикува на насилство и како може да смета дека два прозор искршени со 50 јајца се поголема штета за државата од криминалите кои тој ги покрива со движењето ГДОМ, зашто контрапротестираат.

---

**Датум:** 29.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 21:02:40 | 22:57:44 | Ноќен експрес |

**Содржина:** Темата за оваа емисија е прислушкувањето (дали при зборување на телефон се користат шифри, како да се препознае ако некој е прислушкуван и дали постои начин да не се прислушкува). Емитувани се кратки извадоци од бомбите во кои зборуваат Никола Груевски, Миле Јанакиевски, Сашо Мијалков, Драган Павловиќ Латас, Гордана Јанкуловска и др.

---

**Датум:** 30.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 10:00:43 | 11:57:30 | Стадион |

**Содржина:** Темата на оваа емисија е поврзана со 1ви мај денот на трудот, правата на работниците и политичката криза со која Македонија се соочува веќе една година и заканите по економијата. Произлегуваат повеќе прашања: Како тоа ќе се одрази на грбот на работниците, како во овие услови се остваруваат работничките права, има ли кој да ги заштити и да се бори за работничките права, ќе се соочи ли македонското стопанство со недостаток на работници, како ќе се празнува денот на трудот со скара или протест. На почетокот на емисијата даден е разговорот со Маријан Ристовски кој зборува за работниците и за правата кои што ги немаат. Понатаму се јавуваат слушатели и ги изнесуваат нивните размислувања околу темата. Исто така, дадени се изјави од првиот човек на УПОЗ Пецо Грујоски како и на некои членови од Сојузот на синдикати..

---

**Датум:** 02.05.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 21:03:35 | 22:59:20 | Ноќен експрес |

**Содржина:** Тема на оваа емисија е аболицијата е се поставува прашањето како најлесно да побарате помилување. Гостин е поранешниот директор на драмски театар и активен политичар, Благоја Чорески. Освен што зборува за своите актерски планови, зборува и за аболицијата, дали може да се глуми во политиката, кој политичар би моќел да го глуми и тн. Во текот на емисијата има телефонски интервјуа со

Уранија Пировска, Павле Трајанов, Мери Николова (граѓанска активистка) и Миле Ѓеорѓиевски (пишува афоризми) кои зборуваат на тема аболиција.

---

**Датум:** 04.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 21:01:08 | 23:00:00 | Ноќен експрес |

**Содржина:** Тема – Речник за почетници во Македонија, односно како во три збора би ја опишале актуелна Македонија за странците. Прв гостин по телефон е Александар Пандов од ГДОМ. Прв гостин во студио е новинарот Саше Димовски. Понатаму следуваат телефонски разговори со актерката Ана Костовска, со Здравко Савевски и новинарот Љупче Златев. Втор гостин во емисијата е новинарката Мери Јордановска.

---

**Аудиовизуелен медиумски сервис: ТВ Сител**

**Датум:** 15.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:35:07 | 09:29:57 | На дневен ред |

**<u>РЕПРИЗА</u>**:

**Датум:** <u>16.04.2016</u> - 03:13:52 – 03:56:40

**Содржина:** Тема – Протестите по амнестијата/аболицијата прогласена од Претседателот Иванов.Како го оценувате интервјуто на Претседателот Иванов за сите национални телевизии?

---

**Датум:** 19.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:42:15 | 09:57:32 | На дневен ред |

**Содржина:** Тема – „Дали хулиганството е знак на протест?“; „Тенка ли е границата однесогласување со политичките одлуки и вандализам?“; „Дали кршењето и скверневењето на македонските симболи е знак на револт?“;

---

**Датум:** 04.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 08:31:28 | 09:57:27 | На дневен ред |

**Содржина:** Тема: „Има ли македонското село иднина? Дали би се вратиле да живеете на село? Дали би ги искористиле поволностите предвидени со програмата град-село?“

---

**Аудиовизуелен медиумски сервис: ТВ Шеќа**

**Датум:** 15.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 02:36:04 | 03:05:27 | Неделно ретро |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

15.04.2016 - 15:02:25 – 15:32:49

17.04.2016 - 03:26:02 – 03:55:25

**Содржина:** Пресек на назначајните вести во текот на неделата.

---

**Датум:** 17.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 21:33:04 | 21:57:15 | Неделно ретро |

**РЕПРИЗИ**:

**Датум:**

18.04.2016 - 00:21:23 – 00:45:45

19.04.2016 - 04:11:00 – 04:35:13

22.04.2016 - 01:08:58 – 01:33:10

22.04.2016 - 15:03:07 – 15:27:19

25.04.2016 - 01:23:19 – 22:06:10

26.04.2016 - 03:36:14 – 04:04:33

26.04.2016 - 11:23:37 – 11:51:57

28.04.2016 - 05:04:16 – 05:32:36

30.04.2016 - 04:50:11 – 05:18:34

01.05.2016 - 02:35:57 – 03:04:18

01.05.2016 - 21:39:30 – 22:04:59

02.05.2016 - 02:26:18 – 00:51:49

03.05.2016 - 11:21:49 – 11:47:20

03.05.2016 - 11:21:49 – 11:47:20

**Содржина:** Пресек на назначајните вести во текот на неделата.

**Аудиовизуелен медиумски сервис: ТВ Сител 3**

**Датум:** 15.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 22:02:00 | 23:58:08 | Јади Бурек |

**Содржина:** Се говореше за најкритичната ноќ во Скопје - протестите, колективната хистерија, едниот жесток протест и вандализмот врз спомениците. Во емисијата директно јавување имаа Миленко Неделковски, Мирка Велиновска, Александар Пандов и Филип од штабот на ВМРО ДПМНЕ кои говореа за вечерашните протести и изборите, а на скајп беше вклучен дописникот од Брисел Бобан Новковиќ кој зборуваше за тоа што се говори во Брисел за политичката состојба во Македонија и престојните избори. Беа прикажувани слики од вандализмот врз спомениците, слики од Чичаковски и Ван Хауте во кафуле и се прикажуваа снимки од протестите.

**Датум:** 19.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 22:01:20 | 23:53:50 | Јади Бурек |

**Содржина:** Теми се повеќе прашања - дали е прекршен Уставот со аболицијата на Иванов?, протестите и повиците по социјалните мрежи. Водителот во воведниот дел од емисијата говори дека додека премиерот (се мисли на Груевски) оди и промовира системи капка по капка и менаџира инвестиции, ќе работи по ниви, другиот (се мисли на Заев) се занимава со ука бука и ќе фрла со paintball. Имаше и јавување на професорката Каракамишева во емисијата која говореше за аболицијата на претседателот.

**Датум:** 20.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 21:59:49 | 23:58:34 | Јади Бурек |

**Содржина:** Се зборува за протестите - од едната страна има бојадисување и вандализам (алудирајќи на Протестирам), а од другата масовност (ГДОМ). Во емисијата телефонски се обрати Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ, кој зборуваше за закажаните избори на 5ти јуни и дали истите ќе се одржат, велејќи дека постои мала група во раководството на СДСМ која што сака немир, сака насилство, непријателство и сака да ги закрвави луѓето.

**Датум:** 21.04.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 22:01:15 | 23:54:16 | Јади Бурек |

**Содржина:** Тема се протестите организирани пред Собранието на РМ од страна на ГДОМ. Емитувани се и снимки од собирот. Накратко беше спомната и групата “Протестирам“ која според водителот поинаку протестира. Имаше јавувања од професор Александар Камиловски и Богдан Илиевски-Бетмен кои ги коментираа собирите.

**Датум:** 22.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 22:01:57 | 23:57:39 | Јади Бурек |

**Содржина:** Во емисијата се говореше за протестите и за аболицијата на претседателот Иванов. Беа прикажани слики од протестите на Албанците во Скопје, како и снимки од фрлање боја врз зградата на АААВМУ од страна на групата “Протестирам“. Имаше и јавување на гледачи кои говореа на овие теми.

**РЕПРИЗА**:

**Датум:**

25.04.2016 - 09:38:54 – 11:34:20

---

**Датум:** 25.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 22:01:58 | 23:56:21 | Јади Бурек |

**Содржина:** Во емисијата се зборуваше за вечерашните протести организирани од “Протестирам“, беше прикажан профилот на фејсбук на Здравко Савески (ЛЕВИЦА), како и снимки од демолирањето на канцеларијата на претседателот Иванов. Имаше и јавување на гледачи, кои исто така, ја коментираа моменталната ситуација.

**РЕПРИЗА**:

**Датум:**

26.04.2016 - 09:33:59 – 11:28:21

---

**Датум:** 26.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 22:02:44 | 23:45:24 | Јади Бурек |

**Содржина:** Политичката состојба во Македонија со јавување на гледачи кои говореа на таа тема. Водителот зборуваше за аболицијата на претседателот Иванов, потенцирајќи дека доколку на некој начин би можела таа да се повлече, тогаш дека ќе биде повлечена и аболицијата на Зоран Заев.

**РЕПРИЗА**:

**Датум:**

27.04.2016 - 09:28:33 – 11:11:11

---

**Датум:** 27.04.2016

| Почеток: | Крај: | Наслов: |
|---|---|---|
| 22:10:53 | 23:58:26 | Јади Бурек |

**Содржина:** Изборите и аболицијата. Имаше и јавувања на гледачи.

**РЕПРИЗА**:

**Датум:**

28.04.2016 - 10:14:35 – 11:16:56

---

**Датум:** 02.05.2016

| **Почеток:** | **Крај:** | **Наслов:** |
|---|---|---|
| 21:58:07 | 23:36:42 | Јади Бурек |

**Содржина:** Во првиот дел на емисијата Јади бурек гостинка е пејачката Бојана Атанасовска и се говори за музика. Додека пак, во вториот дел има јавувања во живо и тема е политичката состојба и престојните избори.

**РЕПРИЗА**:

**Датум:**

03.05.2016 - 09:46:39 – 11:25:22

---